Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 септември 2020 година

Скопје, септември 2020 година

З А П И С Н И К

**од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2020 година**

Седницата започна во 12:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа м-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Елизабета Наумовска од Министерството за образование и наука.

Од седницата отсуствуваа м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Мила Царовска, министер за образование и наука.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- **Усвојување на Записникот од 81-та седница на Владата, одржана на 18 август 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 82-та седница на Владата, одржана на 26 август 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 1-та седница на Владата, одржана на 1 септември 2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 2-та седница на Владата, одржана на 3 септември 2020 година**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Степен на реализација на капиталните инвестиции

1. Записник од Вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 септември 2020 година

2. Годишна сметка за работењето на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година; Годишен извештај за работењето на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година и Финансиски извештај за работењето на ЖРСМ Транспорт АД – Скопје за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година, со предлог - одлуки

3. Полугодишен извештај на работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, за периодот од 1 јануари 2020 година до 30 јуни 2020 година

4. Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа и финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот за 2020 година, со Предлог - одлука

5. Информација за прогресот на активностите поврзани со одобрувањето на извозот во Европската Унија на месо и производи од месо (говедско, свинско, живинско), јајца, риба и производи од риба

6. Информација за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната, со Предлог - одлука

7. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Северна Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и услуги „Кесслер Македонија" ДООЕЛ Илинден, со Предлог - одлука

8. Информација на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по однос на Извадокот од Нацрт-записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10 март 2020 година

9. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Штип

10. Предлог - програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година

11. Годишен извештај за работа на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за 2019 година

12. Информација за продажба на моторно возило сопственост на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог - одлука

13. Информација за започната постапка за отуѓување на службени возила на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со Предлог-одлука

14. Барање на ЈЗУ Здравствен дом „Академик проф.д-р Димитар Арсов“ - Крива Паланка согласност за продажба на движни ствари (5 возила), со Предлог - одлука

15. Информација по барање на Македонското здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен Асклепиј -Скопје за престанок на статусот на организација од јавен интерес, со Предлог- решение

16. Предлог - одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје

17. Предлог - одлука за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Пробиштип

18. Годишен извештај за работа на Државната комисија за спречување на корупција за 2019 година

19. Информација за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS – Next-Generation Incident Command System - NATO SPS Project (Следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија, за период од 17 декември 2019 година до 17 јуни 2020 година

20. Информација со Предлог - одлука за добивање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Агенција за катастар на недвижности)

21. Годишна сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, Годишен извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, Финансиски

извештаи на Фондот за осигурување на депозити за годината која завршува на 31 декември 2019 година, со Извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити и предлог - одлуки

22. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија – Скопје во период од 1.1. до 31.12.2019 година, Годишна сметка, Финансиски извештај за 2019 година, Извештај на раководството за Финансиски извештаи за 2019 година и Извештај од независните ревизори, со предлог – одлуки

23. Предлог – одлука за распределба на добивката по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје

24. Предлог-одлука за распределба на добивката на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост за 2019 година

25. Предлог-одлука за распределба на добивка по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино

26. Информација за избор на Адвокатска канцеларија од Република Бугарија за застапување на Република Северна Македонија пред редовен суд во Република Бугарија за признавање на судска одлука и за извршување на судска одлука СТР-0706-1/20

27. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за управување со отпад

28. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема

29. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба

30. Предлог - закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за итно справување со COVID-19 во Северна Македонија, по скратена постапка

31. Предлог - уредба за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија

32. Информација за задолжување на Град Скопје кај Комерцијална банка АД Скопје со Предлог - одлука за задолжување на Град Скопје со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје

33. Информација за поведената постапка пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи "Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во град Скопје"

34. Информација за продажба на движни ствари, со Предлог - одлука (патнички моторни возила)

35. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог - одлуки (10)

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени КО Тетово вон-г.р., Општина Тетово, со Предлог - одлука

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија КО Ќојлија, Општина Петровец, со Предлог - одлука

38. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1–домување во станбени куќи КО Добри Дол, Општина Сопиште (40-1515), со Предлог - одлука

39. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Добри Дол, Општина Сопиште (40-1266), со Предлог – одлука

40. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со пратечки содржини КО Присад , Општина Прилеп, со Предлог - одлука

41. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура-за поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија КО Пехчево, Општина Пехчево, со Предлог – одлука

42. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г3-сервиси КО Желино, Општина Желино, со Предлог - одлука

43. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Желино, Општина Желино, со Предлог - одлука

44. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог - одлука

45. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог - одлука

46. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица КО Алданци, Општина Крушево, со Предлог - одлука

47. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (бензиска пумпна станица) КО Стајковци вон град, Општина Гази Баба со Предлог - одлука

48. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на електроцентрали од обновливи извори КО Амзабегово и КО Амзабегово вон град, Општина Свети Николе, со Предлог - одлука

49. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог - одлука

50. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1 - станбени куќи КО Сопиште-вон г.р., Општина Сопиште, со Предлог - одлука

51. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог - одлука

52. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи (Триделковци) КО Сопиште-вонградежен, Општина Сопиште, со Предлог - одлука

53. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог - одлука

54. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на

објект со намена Г3-сервиси (сервис за авиони) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог - одлука

55. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со придружни содржини КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, со Предлог - одлука

56. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог - одлука

57. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с. Псача - Дикина маала - Радуев рид, КО Псача и КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог - одлука

58. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е, Е2- електроцентрали од обновливи извори на енергија КО Манастирец, Општина Македонски Брод, со Предлог - одлука

59. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги „ЗИК Брегалница" ул. Илинденска бб Виница, со Предлог - одлука

60. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Тони Милев с. Врсаково Штип, со Предлог - одлука

61. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со „Мовино" ДОО Скопје, ул.Орце Николов бр.186/1-28, Скопје, со Предлог - одлука

62. Информација за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со ДПГТТТУ „Џан Нади" експорт-импорт ул. Браќа Гиновски бр.111 Гостивар, со Предлог - одлука

63. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз „Шалајко" М ДОО с.Негорци, Гевгелија, со Предлог - одлука

64. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговско друштво за услуги „ЈАН ВЕТ" увоз-извоз Наумоски Илија Ванчу ДООЕЛ Крушево, со Предлог - одлука

65. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „КОКИ – Никола Николов“ ул. 29-ти Ноември бр.99, Кочани, со Предлог - одлука

66. Информација за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна Македонија, со Предлог - одлука за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Св. Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга

67. Информација за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов, со предлог – одлуки

68. Информација во врска со Барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија“ ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145

69. Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Ковачка со реф. бр.21, 22 и 23 и МХЕЦ Крапска со реф. бр. 45 на Концесионерот „Актуел Енерџи Груп“ ДОО Скопје

70. Информација за преземените мерки по основ на Заклучоците на Владата на Република Северна Македонија донесени на Сто и четириесеттата седница, одржана на 18 јуни 2019 година, согласно Извадок од Нацрт-записник од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јуни 2020 година

71. Информација за изменување на Одлуката за основање на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, со Предлог - одлука

72. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на Бул. Партизански Одреди“ бр.111/1-2 во Скопје

73. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „Апекс МК“ ДОО Скопје за деловната просторија која се наоѓа на ул.„11-ти Октомври“ бр.86-лок.1 во Скопје-Центар

74. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „Банана кицк“ ДОО експорт-импорт Тетово во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. Благоја Тоска“ бр.1/5 во Тетово

75. Предлог за изменување на Лиценцата број 45-2334/1 од 21.05.2019 година за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Тхе-слотс“ ДОО Скопје

76. Предлог - одлука за давање на согласност на договорот за закуп во ТИРЗ Тетово помеѓу Друштвото за инвестиции „Нормак инвестмент гроуп“ АД Тетово и „Киел НМК“ ДООЕЛ Желино

77. Предлог - анекс на склучен Договор за државна помош бр.Дов10-9/9 од 18.01.2016 склучен помеѓу Влада на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги „Герман електро мехатроникс“ ДОО Илинден

78. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на работа на второстепената Военолекарска комисија

79. Информација за реализација на препораката број 14 од Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија, по точка 23 од седницата на Владата, одржана на 10 март 2020 година

80. Информација за издавање Егзекватура за Генерален конзул на Република Косово во Република Северна Македонија со седиште во Струга

81. Информација со Предлог - Платформа за учество на делегацијата на Република Северна Македонија на 75-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите нации

82. Информација со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2019 година

83. Информација со Акциски план за реализација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на единките корисници на судска власт за реализација на надлежностите
84. Годишен извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата – ПВР (јануари-декември 2019 година)

85. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку – гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018-2020 година во рамки на ИПА 2, за алокацијата за 2019 година – CRIS 2019/041-476

86. Информација за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2019 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2019/041-423, во рамки на ИПА 2

87. Информација за шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 ноември 2019 година во Брисел

88. Информација за одржаниот петнаесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 февруари 2020 година во Брисел

89. Информација за одржувањето на шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 2 октомври 2019 година во Брисел

90. Предлог - уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2021 година

91. Предлог - програма за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2020 година

92. Информација за Национална стратегија за дијабетес во Македонија 2020 - 2030

93. Предлог - одлука за престанок на трајно користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и Ургентен центар

94. Извештај за завршени преговори и за склучување на Спогодба за соработка во областа на образованието, културата, уметностите и спортот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Мексикански Држави, со усогласен текст на Спогодба

95. Предлог - одлука за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година

96. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар (опрема за училници, за потребите на ООУ „Киро Глигоров" Центар)

97. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола (опрема за печатница, за потребите на СОУ „Таки Даскало"- Битола )

98. Предлог – одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп (опрема за печатница, за потребите на СОУ „Ристе Ристески- Ричко"- Прилеп)

99. Годишен извештај за работата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во 2019 година

100. Годишен извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2019 година

101. Годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година

102. Информација доставена од Народен правобранител на Република Северна Македонија во врска со формиран предмет, под НП бр.1111/20 по поднесена претставка за заштита од дискриминација од група на родители од Скопје чии деца се ученици во средно образование

103. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3607 за КО Центар 1 на КП бр.3985 викано место/улица П. Пчински

104. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52830 за КО Карпош на КП бр.2330 дел 2 викано место/улица Алжирска

105. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за трета усна јавна продажба доставен под И бр.790/17, која ќе се одржи на 15 септември 2020 година, за КО Нерези - вонград

106. Кадровски прашања

107. Прашања и предлози

108. Извештај за финансиското работење на АД „Медиумска информативна агенција“ – Скопје, за периодот од 1 јануари до 31 март 2020 година

109. Извештај за извршен инспекциски надзор над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во договорот за концесија на риби согласно Законот за рибарство и аквакултура за период јануари-јуни 2020 година

110. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во период од 1.07 до 31.12.2019 година

111. Извештај за работењето на ЈП Национална радиодифузија - Скопје, во период од 1.10 до 31.12.2019 година

112. Шестмесечен извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, за периодот јануари - јуни 2020 година

113. Информација за состојбата со мазут во ЕЛС Македонска Каменица

114. Информација за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на население

115. Информација за објавените огласи за јавни набавки во месец јули 2020 година и квартална проценка за објавените огласи за јавни набавки за прв и втор квартал од 2020 година споредено со прв и втор квартал од 2019 година

116. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани“

117. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерството за труд и социјална политика (за период март-јуни 2020)

118. Годишен извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2019 година

119. Информација за фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија по основ на пресуди и одлуки на Европскиот суд за човекови права

120. Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, по скратена постапка

121. Предлог - одлука за формирање на Комитет за земјоделство, безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика

122. Информација за неизвршување на Решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од страна на Управата за водење матични книги и неизвршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права

123. Информација за Предлогот на Европската комисија за измена на Протоколот 4 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија

124. Информација за одобрување и потпишување на заеднички програмски документ „Планирање и дискусија за миграциската политика во Северна Македонија заснована на докази", соработка со организации на Обединетите нации

125. Информација за потпишување на Договор по пат на размена на ноти/писма помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за Јапонска грант програма за социо – економски развој за обезбедување на медицинска опрема

126. Записник од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 14 септември 2020 година, со Записник од седницата на Групата за процена, одржана на 11.09.2020 година, со Предлог - одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија

127. Информација за исплата на заостанати хонорари и исплата на хонорари до крајот на фискалната 2020 година, на координаторите и на членовите на комисиите кои произлегуваат од преземените обврски од потпишаните билатералните договори со Република Бугарија и Република Грција, формирани со Решенија на Владата на Република Северна Македонија

*

*   *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 81-та, 82-та, 1-та и 2-та седница на Владата, одржани на 18 август 2020 година, 26 август 2020 година, 1 септември 2020 година и 3 септември 2020 година.

*

*     *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Степен на реализација на капиталните инвестиции**

Министерот за финансии, д-р Фатмир Бесими ги информираше членовите на Владата за процентот на реализација на капиталните инвестиции.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 септември 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Владата врз основа на ставот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство утврден по направена сеопфатна стручна медицинска анализа и проценка и во координација со повеќе засегнати здруженија и организации, го потврди Заклучокот на Владата од Третата седница, одржана на 9 септември 2020 година, односно вработените лица кои се ослободени од работа врз основа на утврдената листа на хронични болести, односно, почнувајќи од 23 септември 2020 година (среда), да се вратат на своите работни места и на редовно извршување на работните задачи.

Исклучок од ова ќе бидат само лицата (пациенти) кај кои болеста е во фаза на егзацербација и за оние со малигна болест, за кои ќе биде дадена потврда со наод и мислење од лекар специјалист, врз основа на која потврда овие лица ќе користат боледување, согласно соодветниот правилник од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

2. Вработените лица кои се ослободени од работа врз основа на користење на продолжено породилно отсуство, истите почнувајќи од 23 септември 2020 година (среда) да се вратат на своите работни места и на редовно извршување на работните задачи, имајќи предвид дека можноста за користење на оваа мерка за продолжено породилно отсуство престанува да важи.

Останатите вработени лица кои во моментот се оправдано отсутни од работа поради користење на редовно породилно отсуство, истите да се вратат на своите работни места и на редовно извршување на работните задачи веднаш по истекот на породилното отсуство.

3. Родителите чии деца се до шест годишна возраст, почнувајќи од 23 септември 2020 година (среда), да се вратат на своите работни места и на редовно извршување на работните задачи, имајќи предвид дека детските градинки отпочнаа со активности за згрижување и

воспитание на деца од 9 септември 2020 година, односно престанува користењето на мерката на Владата по овој основ.

4. Родителите чии деца од шест до 10 годишна возраст се вклучени во воспитно - образовниот процес во училиште, почнувајќи од 23 септември 2020 година (среда), да се вратат на своите работни места и на редовно извршување на работните задачи, без разлика на начинот (со физичко присуство или од далечина) на кој детето ќе ја следи наставата во училиштето, односно престанува користењето на мерката на Владата по овој основ.

Согласно горенаведеното престанува да важи Заклучокот под реден број 3, донесен на 15-та седница на Владата, одржана на 10 март 2020 година.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да испрати писмено укажување до сите детски градинки да продолжат со упис и згрижување на деца, особено на оние деца чии двајца родители се во работен однос, без разлика дали работат од дома или со физичко присуство.

Согласно ова да се изврши изменување на Протоколот за активности во установите за згрижување и воспитание на деца - Прилог број 9 од Одлуката за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.140/20).

5.1. Воедно, се задолжува Министерството за труд и социјална политика да укаже на детските градинки да стапат во контакт со родителите чии деца се запишани, а не се донесени за престој во детските градинки во овој период.

Притоа, се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со единиците на локалната самоуправа и државните институции, да ги разгледаат можностите и доколку постои слободен неискористен простор истиот да се намени за згрижување на деца од оние детски градинки од подрачјето на Општината каде што ќе биде потребно.

5.2. Владата врз основа на остварена комуникација и координација со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, го прифати предлогот за изменување на Протоколот за активности во установите за згрижување и воспитание на деца - Прилог број 9 од Одлуката за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.140/20), во насока:

- Воспитните групи за деца до две годишна возраст да имаат максимум по 12 деца и двајца вработени во смена.

6. Го прифати Општиот протокол за организирање на настани, доставен од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, која се смета за донесена на оваа седница на Владата.

7. Се задолжуваат сите органи на државната управа, јавните претпријатија основани од државата, акционерските друштва во државна сопственост и другите државни институции од извршната власт, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и другите правни лица основани од единиците на локалната самоуправа, да го намалат надоместокот за 50% при склучување на договор за користење на објект или простор заради организирање и одржување на наменски културен, забавен или спортски настан во услови на пандемија и поради мерките и препораките наменети за „ивент“ индустријата при организирање на вакви настани.

## Точка 2

Владата по Годишната сметка за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година, Годишниот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година и Финансискиот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за период од 1.1.2019 до 31.12.2019 година, ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, за период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје во рок од 30 дена до Владата да достави план за надминување на негативната состојбата во работењето.

## Точка 3

Владата го разгледа Полугодишниот извештај на работата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, за периодот од 1 јануари 2020 година до 30 јуни 2020 година и го усвои Полугодишниот извештај.

Истовремено, Владата и укажува на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, во наредниот Полугодишен извештај да достави прецизен и детален преглед (податоци) за остварените контакти со инвеститори.

## Точка 4

Владата по Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2020 година, со Предлог - одлука, го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите поврзани со одобрувањето на извозот во Европската Унија на месо и производи од месо (говедско, свинско, живинско), јајца, риба и производи од риба и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство, најдоцна во рок од еден месец по промена на статусот на Република Северна Македонија во земја слободна од класична свинска чума, во однос на извоз на свинско месо во Европската Унија до Владата да достави Информација за прогресот на активностите поврзани со одобрувањето на извозот во Европската Унија на месо и производи од месо (говедско, свинско, живинско), јајца, риба и производи од риба.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната, со текст на Правилник и со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната, во предложениот текст.

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за потребата од раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Северна Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на ТИРЗ Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштвото за производство и услуги „Кесслер Македонија“ ДООЕЛ Илинден, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за раскинување на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште бр. 09-1419/1 од 20.12.2017 година и бр. 09-895/1 од 12.6.2019 година склучен со Друштвото за производство и услуги „Кесслер Македонија“ ДООЕЛ Илинден, како закупопримач, во предложениот текст.

**<u>Точка 8</u>**

Владата ја разгледа Информацијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони по однос на Извадокот од Нацрт-записникот од Петнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 10 март 2020 година (нов текст), ја усвои

Информацијата и го задолжи Министерството за економија, како надлежен орган за јавно приватно партнерство, кој ја следи реализацијата на Договорот за јавно приватно партнерство бр.03-68/22 од 5.4.2013 година, солемнизиран под ОДУ 69/13, да постапи согласно одредбите од Договорот, а врз основа на заклучоците од Извадокот од Нацрт-записникот од Сто и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27.11.2018 година.

**Точка 9**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Годишниот извештај за работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија за период од 1.1.2019 – 31.12.2019 година, за некоја од наредните седници на Владата поради потребата Министерството за култура да достави мислење.

Точката претходно да се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на моторно возило сопственост на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог – одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започната постапка за отуѓување на службени возила на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (7 возила), во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа Барањето за согласност за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука и по Барањето го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на движни ствари (пет возила), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата по барање на Македонското здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен Асклепиј - Скопје за престанок на статусот на организација од јавен интерес, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за престанок на статусот на организација од јавен интерес на Македонското здружение за заштита и спасување во планина и непристапен терен Асклепиј – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен" – Скопје, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја донесе  Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Пробиштип (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година и притоа го утврди следното мислење

Согласно член 19 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019):
„Државната комисија за спречување на корупцијата поднесува годишен извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година. Годишниот извештај Државната комисија го доставува и до Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и средствата за јавно информирање.".

Законот содржи одредба (член 19 став (3)) со која е утврдено Годишниот извештај да содржи:
- статистички податоци за предмети оформени, решени предмети и предмети по кои постапува согласно со своите надлежности, со анализа,
- број на иницијативи поднесени до јавно обвинителство и други органи,
- информација за институциите кои не постапиле по барањата на Државната комисија,
- број на предмети за кои е покрената прекршочна постапка,
- оценка на спроведувањето на овој закон и
- оценка на состојбата со корупција и борбата против корупцијата во државата.

Предметниот Годишен извештај го исполнува горенаведеното барање за задолжителна содржина на годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, со тоа што:
Статистички податоци за предмети оформени, решени предмети и предмети по кои постапува согласно со своите надлежности, со анализа, се дадени во поглавјата 4.2

„Постапување во случаи за сомнежи за корупција" и 4.3. „Постапување во случаи на судир на интереси" од Годишниот извештај.

Податоци со број на иницијативи поднесени до јавно обвинителство и други органи, како и информации за институциите кои (не)постапиле по барањата на Државната комисија се дадени во истите поглавја наративно и во табеларните прегледи од прилозите 1, 2 и 3 од Годишниот извештај.

Бројот на предмети за кои е покрената прекршочна постапка е презентиран во поглавјето 4.6 „Прекршочна комисија" од Годишниот извештај, додека својата оценка за спроведувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија ја дава под поглавјето 5.4 „Искуства од примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси".

Одредени елементи на оценка за состојбата со корупцијата и борбата против корупцијата во државата се содржани во поглавјето 4.2 „Постапување во случаи за сомнежи за корупција". Овој дел би се сметал за целосен доколку се земе предвид спроведената и објавена анализа на проценка на ризици од корупција врз основа на која е подготвена на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2020-2024 (согласно член 18 став 2 од Законот), а за кои проценети ризици е пропуштено да се наведат информации во Годишниот извештај, од аспект на давање оценка за состојбата со корупцијата и борбата против корупцијата во државата.

Согласно член 15 став (2) од Законот за заштита на укажувачи („Службен весник на Република Македонија", број 196/2015 и 35/2018):
„Државната комисија за спречување на корупцијата е должна до Собранието на Република Македонија да достави годишен извештај за примени пријави од укажувачи во рамки на својот годишен извештај за работа."

Согласно оваа одредба, годишен извештај за примени пријави од укажувачи е содржан во предметниот Годишен извештај за работата на Државната комисија, под поглавјето 4.9 „Примена на Законот за заштита на укажувачи-ЗЗУ".

Доставувањето на Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2019 година е во функција на исполнување на законската обврска на Државната комисија за спречување на корупцијата, утврдена со горенаведените законски одредби.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата дава позитивно мислење по однос на Годишниот извештај, со забелешка за пречекорувањето на законски утврдениот рок за негово поднесување.

Покарактеристични наоди на Државната комисија што можат да се издвојат од Годишниот извештај се следните:
- Бројот на примени пријави и отворени предмети во 2019 година е поголем од вкупниот број на пријави примени во Државната комисија во последните пет години.

- За подобрување на ефикасноста во работењето на Државната комисија потребно е да ѝ се обезбеди функционален простор, софтверски решенија и соодветен број на вработени во нејзиниот Секретаријат.
- Граѓаните и правните лица како подносители на пријавите најчесто укажуваат на сомневања за корупција и коруптивно однесување во судските постапки, во постапките од областа на урбанизмот и градежништвото, постапките за вработувања, остварување на права пред институциите на централната и на локалната власт, но и во постапките за доделување на договори за јавни набавки.
- Зголемената сензибилност на јавноста во однос прашањата од областа судир на интереси, придонесе за зголемен број на пријави за сите облици на судир меѓу јавниот и приватниот интерес, што е најмногу изразено при вработувањата во јавниот сектор. Врз основа на постапувањето по овие предмети, Државната комисија утврдила ризици за корупција и состојби настанати како резултат на отсуство на интегритет, недоволна транспарентност, слаб надзор и контрола, неказнивост, како и недоследности и недоречености во законската регулатива.
- Новиот образец за пријавување на имотната состојба и интересите (изјава за имотна состојба и интереси) сè уште не е пропишан од страна на Државната комисија, и покрај тоа што со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, член 119 став (5), утврден е рок за негово пропишување - 60 дена од нејзиното конституирање. Причините за тоа, како што е наведено во Годишниот извештај, е во неуспехот да се реализираат активностите за обезбедување на софтвер преку кој ќе се овозможи изјавата да се поднесува во електронска форма, согласно член 82 став (5) од Законот.
- Регистарот на избрани и именувани лица, кој согласно Законот го води Државната комисија, не ја претставува точната бројка на избрани и именувани лица поради фактот што голем број на институции кои вршат именување и разрешавање не ја исполнуваат законски утврдената обврска за известување.
- По основ на прекршочните постапки водени од прекршочната комисија во Државната комисија, по сите основи и наплатените глоби, како што е наведено во Годишниот извештај „во Буџетот на Република Северна Македонија уплатени се средства во износ од 937.840 денари.“.
- Реализацијата на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2016-2019 година е на задоволително ниво (од вкупниот број предвидени активности, 76% се активности кои се реализирани и активности кои се во тек на реализација).
- Имплементацијата на Законот за заштита на укажувачи е на незадоволително ниво. Изборот на новиот состав на Државната комисија влијаеше на зголемување на довербата кај граѓаните за оваа институција, а со тоа и на користењето на нејзиниот канал за заштитено надворешно пријавување.
- Од презентираните податоци за реализација на Буџетот на Државната комисија за 2019 година, се забележува дека со најголема реализација е ставката Плати, даноци и придонеси, а со најмала е ставката Капитални расходи. 75,49% од вкупниот Буџет на Државната комисија за 2019 година е реализиран.

Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за 2019 година содржи и информации и податоци кои се однесуваат на:
- утврдени слабости во примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,
- активностите за проверка на анкетни листови и изјави за интереси,

- анти-корупциска проверка на легислативата,
- подготовката на Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2020-2024 и
- активности на Државната комисија за реализација на проекти и зајакнување на соработката со државните институции, невладиниот сектор, како и со меѓународните организации и мрежи на анти-корупциски институции.

Конечно, во завршниот дел на Годишниот извештај се дадени препораки кои Државната комисија ги предлага.

Еден дел од препораките се однесуваат на иницијативи односно активности кои треба да ги преземе Државната комисија самостојно во рамки на своите надлежности, како и на иницијативи за изменување на закони кои произлегуваат од слабости утврдени во примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за заштита на укажувачи, но и слабости утврдени со спроведена анти-корупциска проверка на легислативата.

Останатите препораки се однесуваат на решавање на проблемот со обезбедувањето соодветни просторни и технички услови за ефикасно работење на Државната комисија и на обезбедувањето финансиски средства за зголемување на бројот на вработени во Секретаријатот на Државната комисија и за ангажирање на надворешни експерти. Во таа насока, Државната комисија предлага Владата „да изнајде начин за трајно решавање на проблемот со деловен простор на Државната комисија за спречување на корупцијата, кој ќе значи и реализација на други проекти. Да се обезбедат средства за зголемување на бројот на вработените и ангажирање на надворешни експерти. Да се обезбедат средства за финансирање на софтверско решение кое ќе овозможи поврзување на Државната комисија за спречување на корупцијата со база на податоци со други институции согласно законот, електронско поднесување на Изјавата за имотна состојба и интереси, и други модули за тековно работење на Државната комисија за спречување на корупцијата.“.

Потребата за обезбедување (финансирање) на потребните софтверски решенија за Државната комисија е предвидена, со тоа што е побарано да се реализира преку Инструментот за претпристапна помош - ИПА III, во рамки акциската програма 2021/2022 година.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на дигитализацијата на Системот за управување со кризи преку имплементацијата на NICS – Next-Generation Incident Command System - NATO SPS Project (Следна генерација на Систем за управување со инциденти) во Република Северна Македонија, за период од 17 декември 2019 година до 17 јуни 2020 година (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Управата за хидрометеоролошки работи да ги сподели без надомест следните ГИС податоци и сервиси: краткорочни и долгорочни временски прогнози, радарски слики и податоци од автоматски мерни станици, најдоцна до 1 ноември 2020 година.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги сподели без надомест следните ГИС податоци и сервиси: ортофото карти – инфраред и RGB (Red, Green, Blue); земјишна покривка согласно критериумите на СИЗП (Систем за идентификација на земјишни парцели) за целата територија, DTM (Digital Terrain Model), најдоцна до 1 ноември 2020 година.

3. Се задолжува Министерството за здравство да ги сподели без надомест следните ГИС податоци и сервиси: типови на здравствени установи (Јавни здравствени установи и Приватни здравствени установи)–легла и дејност; број на санитетски возила (со локација на возилата); база на лекари, ординации и аптеки, најдоцна до 1 ноември 2020 година.

4. Се задолжува Државниот завод за статистика да ги сподели без надомест следните ГИС податоци и сервиси: Процени на население по возрасни групи и по пол, по општини, сервиси, најдоцна до 1 ноември 2020 година.

5. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да ги сподели без надомест следните ГИС податоци и сервиси: веб сервис за заштитени подрачја; национални паркови; мониторинг станици (вода, воздух, почва); катастар на загадувачи, најдоцна до 1 ноември 2020 година.

6. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги сподели без надомест следните ГИС податоци и сервиси: податоци од централен регистар на население преку национална платформата за интероперабилност (МИМ), најдоцна до 1 ноември 2020 година.

7. Се укажува на Агенцијата за планирање на просторот да ги сподели без надомест следните ГИС податоци и сервиси: ГИС (Географски информациски системи) сервиси преку PORTAL.APP.GOV.MK, најдоцна до 1 ноември 2020 година.

8. Се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности во рамките на Националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП) да ги сподели без надомест следните ГИС податоци и сервиси: хидрографија, WMS (Web Map Service)/download (извор–топографски карти 1:25.000), хидрографија Inspire–WMS (Web Map Service)/download, географски називи по национални стандарди и Inspire–WMS (Web Map Service)/download, административни единици Inspire WMS (Web Map Service)/download, дигитален висински модел–растер, вектор и изохипси–WMS (Web Map Service)/download (ги има изохипсите и по Inspire), почвена карта WMS (Web Map Service); а во рамките на One Stop Shop порталот (OSSP) располага со граници на Единиците на локална самоуправа, граници на населени места, топографска карта (растер), категоризација на земјиште, патишта, мали објекти, железничка мрежа, геодетски точки, најдоцна до 1 ноември 2020 година.

9. Се препорачува на Градот Скопје да ги сподели без надомест следните ГИС податоци и сервиси: бунари, чешми; адресен регистар; водоводна мрежа (примарна и секундарна); канализациона мрежа; хидрантска мрежа; зелен катастар; противпожарни станици, најдоцна до 1 ноември 2020 година.

10.Се задолжува Центарот за управување со кризи, во рок од 30 дена, преку проектот NATO SPS NICS G4968 за Република Северна Македонија, да ги интегрира споделените податоци

во NICS платформата со што ќе ги стави на располагање на сите субјекти на Системот за управување со кризи.

## Точка 20

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата по Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, Годишниот извештај за работата на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, финансиски извештаи на Фондот за осигурување на депозити за годината што завршува на 31.12.2019 година, со Извештај на независните ревизори, со предлог – одлуки ги донесе:

1. Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година и

2. Одлуката за потврдување на Одлуката за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, (кои редакциски ќе бидат усогласени со Секретаријатот за законодавство).

Истовремено, Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година, како материјал за информирање.

## Точка 22

Владата по Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје во период од 1.1 до 31.12.2019 година, Годишна сметка, Финансиски извештај за 2019 година, Извештај на раководството за финансиски извештаи за 2019 година и Извештај од независните ревизори, со предлог – одлуки ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Годишната сметка на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје за 2019 година и

2. Одлуката за давање согласност на Извештајот за работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје во период од 1.1.2019 година до 31.12.2019 година.

3. Не ја донесе Одлуката за давање согласност за употреба на средства остварени со работењето на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје за 2019 година, со укажување Управниот одбор на Јавното претпријатие Национална радиодифузија – Скопје да донесе одлука со која 80% од остварениот вишок на средства остварени од работењето на Јавното претпријатие, да се уплати во Буџетот на Република Северна Македонија и до Владата да достави соодветна Предлог-одлука.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија да подготви соодветни изменувања на Законот за јавните претпријатија, во насока 80% од вишокот на средства остварени од работењето на јавните претпријатија основани од државата, во наредните две години да се уплаќаат во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје и не ја донесе Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје да донесе одлука со која 95% од остварената добивка за 2019 година да се уплати како дивиденда на државата во Буџетот на Република Северна Македонија, а 5% да остане во задолжителниот општ резервен фонд во буџетот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје.

За ова Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог – одлука.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на добивката на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост за 2019 година, во предложениот текст.

Истовремено, се укажува на потребата, Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост од овие средства да изврши санирање и реконструирање на опожарените простории на Друштвото.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за распределба на добивка по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино и не ја донесе Одлуката за распределба на добивка по Годишната сметка за 2019 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино.

Истовремено, Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино да донесе одлука со која 95% од остварената добивка за 2019 година да се уплати

како дивиденда на државата во Буџетот на Република Северна Македонија, а 5% да остане во задолжителниот општ резервен фонд во буџетот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино.

За ова Акционерското друштво за производство на електрична енергија ТЕЦ Неготино, во државна сопственост, Неготино да подготви и до Владата да достави соодветна Предлог – одлука.

Точка 26

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за избор на адвокатска канцеларија од Република Бугарија за застапување на Република Северна Македонија пред редовен суд во Република Бугарија за признавање на судска одлука и за извршување на судска одлука, за некоја од наредните седници на Владата, поради потребата Министерството за надворешни работи, преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Република Бугарија, да ги обезбеди понудите за најповолен понудувач за адвокатска канцеларија кои да ги достави до Владата и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, со цел Владата на седница да одлучува по ова прашање.

Точка 27

Владата на предлог на предлагачот го повлече од Дневен ред, најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за управување со отпадот.

Точка 28

Владата го повлече од Дневен ред Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, на барање на предлагачот.

Точка 29

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и на седница на Комисијата за политички систем, поради потребата предлагачот текстот на Предлог – законот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Предлог – законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за итно справување со COVID-19 во Северна Македонија, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, а за повереници Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, раководител на Сектор во Министерството за финансии.

**Точка 31**

Владата ја донесе Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Град Скопје кај Комерцијална банка АД Скопје, со Предлог-одлука за задолжување на Град Скопје со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за задолжување на Град Скопје со долгорочен кредит кај Комерцијална банка АД Скопје, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа и усвои Информација за поведената постапка пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје", со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, а им се укажува на Градот Скопје и Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Скопје, да номинираат претставници кои ќе ги поддржуваат активностите поврзани со ДАБ постапката, во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа информација.

2. Се задолжува Министерството за финансии во најкраток можен рок да ги преземе потребните активности за обезбедување на адвокатска помош, дополнително на претходно обезбедената адвокатска помош со средствата од ГИЗ Проектот, што ќе обезбеди правна стручна поддршка во сите фази на постапката пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје".

3. Се задолжува Министерството за финансии да пристапи кон потпишување на Договорот за решавање на спорот пред Одборот за разрешување на спорови во врска со реализацијата на Договорот за градежни работи „Подобрување на инфраструктурата за собирање на отпадни води во Град Скопје".

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, а им се укажува на Градот Скопје и Јавното комунално претпријатие „Водовод и канализација" Скопје навремено и ажурно да одговараат на сите побарани мислења и да ги обезбедат сите потребни податоци побарани од Министерството за финансии во фазата на подготовка за

ДАБ, заради обезбедување на севкупната потребна документација и успешно завршување на поведениот спор.

**Точка 34**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за продажба на движни ствари, со Предлог-одлука (патнички моторни возила), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог - одлуки (10), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Врховниот суд на Република Северна Македонија.

2. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Државната комисија за спречување на корупција.

3. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

4. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи.

5. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за информатичко општество и администрација.

6. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за правда.

7. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за управување со одземен имот.

8. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Управата за финансиска полиција.

9. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Управата за финансиско разузнавање и

10. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Царинската управа, во предложените текстови.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени КО Тетово вон-г.р., Општина Тетово, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б1-мали комерцијални и деловни намени КО Тетово вон-г.р., Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2 лесна и незагадувачка индустрија КО Ќојлија, Општина Петровец, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Ќојлија, Општина Петровец, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1–домување во станбени куќи КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1–домување во станбени куќи КО Добри Дол, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1-домување во станбени куќи КО Добри Дол, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со пратечки содржини КО Присад , Општина Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за

давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со пратечки содржини КО Присад, Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 41

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура за поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија КО Пехчево, Општина Пехчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Е2-комунална супраструктура за поставување на фотоволтаични панели за производство на електрична енергија КО Пехчево, Општина Пехчево, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г3-сервиси КО Желино, Општина Желино, со Предлог –одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г3-сервиси КО Желино, Општина Желино, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Желино, Општина Желино, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Желино, Општина Желино, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таор, Општина Зелениково, со Предлог – одлука.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска

документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог–одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Горно Соње, Општина Сопиште.

<u>Точка 46</u>

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица КО Алданци, Општина Крушево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација со пречистителна станица КО Алданци, Општина Крушево.

<u>Точка 47</u>

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (бензиска пумпна станица) КО Стајковци вон град, Општина Гази Баба, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (бензиска пумпна станица) КО Стајковци вон град, Општина Гази Баба.

<u>Точка 48</u>

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на електроцентрали од обновливи извори КО Амзабегово и КО Амзабегово вон град, Општина Свети Николе, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на електроцентрали од обновливи извори КО Амзабегово и КО Амзабегово вон град, Општина Свети Николе, во предложениот текст.

<u>Точка 49</u>

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Горно Соње, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1 - станбени куќи КО Сопиште-вон г.р., Општина Сопиште, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А1 - станбени куќи КО Сопиште-вон г.р., Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи (Триделковци) КО Сопиште-вонградежен, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи (Триделковци) КО Сопиште-вонградежен, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г4-стоваришта Ко Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, која пред потпишување да се усогласи со Секретаријатот за законодавство, односно во основот да се наведе „а во врска со член 93 став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20)„ како и Образложението кон Одлуката да се

дополни во смисла да се наведе дека земјиштето што е предмет на пренамена е опфатено со одобрената планска програма, до денот на отпочнување на примената на Законот за урбанистичко планирање.

**Точка 54**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г3-сервиси (сервис за авиони) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г3-сервиси (сервис за авиони) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со придружни содржини КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, со најнов текст на Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на магацин со придружни содржини КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со најнов текст на Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на локален пат с.Псача - Дикина маала - Радуев рид, КО Псача и КО Петралица, Општина Ранковце, со Предлог-одлука (најнов текст).

**Точка 58**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е, Е2- електроцентрали од обновливи извори на енергија КО Манастирец, Општина Македонски Брод, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е, Е2 - електроцентрали од обновливи извори на енергија КО Манастирец, Општина Македонски Брод, во предложениот текст.

## Точка 59

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, трговија и услуги ЗИК Брегалница ДОО Виница, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 60

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Тони Милев с. Врсаково Штип, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 61

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Друштво за производство и дистрибуција на вино „Мовино" ДОО Скопје, ул. Орце Николов бр.186/1-28, Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 62

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со ДПГТТТУ „Џан Нади" експорт-импорт ул. Браќа Гиновски бр.111 Гостивар, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 63

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со

Друштво за производство, трговија и услуги увоз-извоз „Шалајко М“, ДОО с. Негорци, Гевгелија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговско друштво за услуги „Јан вет“ увоз-извоз Наумоски Илија Ванчу ДООЕЛ Крушево, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 65

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ „Коки - Никола Николов“ ул. 29-ти Ноември бр.99, Кочани, со најнов текст на Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за започнување на постапката за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во Република Северна, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на дивечот во ловиштата во ловните реони Св. Николе, Македонски Брод, Кавадарци, Неготино, Кочани, Берово, Делчево и Струга, во предложениот текст.

## Точка 67

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов, со предлог – одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 2 - Бродски“, во предложениот текст.

2. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“, во предложениот текст.

3. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Крива Река 1 - Кривопаланечки“, во предложениот текст.

4. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Делчевски“, во предложениот текст.

5. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“, во предложениот текст.

6. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски Слив“, во предложениот текст.

7. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“, во предложениот текст.

8. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“, во предложениот текст.

9. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“, во предложениот текст.

10. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Водоча“, во предложениот текст.

11. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Конче 1 и Конче 3“, во предложениот текст.

12. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Турија“, во предложениот текст.

13. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“, во предложениот текст.

14. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“, во предложениот текст.

15. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Преспанско Езеро“, во предложениот текст.

16.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска", во предложениот текст.

17. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Далјан", во предложениот текст.

18.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро", во предложениот текст.

19.Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовното подрачје „Преспанско Езеро", во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на Концесионерот „Индиго Хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договор за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 со број 02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 2.9.2021 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од Концесионерот Индиго Хидро Македонија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот најмалку до 2.11.2021 година.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Ковачка со реф. бр.21, 22 и 23 и МХЕЦ Крапска со реф. бр. 45 на концесионерот „Актуел Енерџи Груп" ДОО Скопје, со текст на Анекс-договори и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Ковачка со реф. бр.21, 22 и 23 и МХЕЦ Крапска со реф. бр. 45 на концесионерот „Актуел Енерџи Груп" ДОО Скопје.

2. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали

хидроелектрани, МХЕЦ Ковачка со реф.бр.21, МХЕЦ Ковачка со реф.бр. број 22 и МХЕЦ Ковачка со реф.бр. 23, бр. 11-4180/ 1 од 4.5.2015 година, со кој како краен рок за изградба и почеток со комерцијално работење се определува 21.2.2020 година.

3. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како Концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрани, МХЕЦ Крапска со реф.бр. 45, бр. 11-4182/1 од 4.5.2015 година, со кој како краен рок за изградба и почеток со комерцијално работење се определува 2.4.2020 година.

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата за преземените мерки по основ на заклучоците на Владата на Република Северна Македонија, донесени на Сто и четириесеттата седница, одржана на 18 јуни 2019 година, согласно Извадок од Нацрт-записник од Шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јуни 2020 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, во функција на Национален ИПА Координатор (НИПАК) да организира координативен состанок со сите релевантни структури и тоа: Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за финансии, Националниот координатор за авторизација (НАО), Раководител на оперативната структура (РОС), министерот за транспорт и врски, ИПА координатор во Министерството за транспорт и врски и директорите на јавните претпријатија за патна и железничка инфраструктура, со цел изнаоѓање на решение за проблемите и отворените прашања, наведени во оваа информација, најдоцна до 30.9.2020 година.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија да ја информираат Владата за преземените активности во однос на претходните заклучоци на Владата на Република Северна Македонија, во врска со напредокот во подготовката на тендерска документација за проектите кои ќе се финансираат во рамки на системот за индиректно управување со средствата од инструментот за претпристапна помош од РУ-ИПА, во рок од 10 дена.

## Точка 71

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Одлуката за основање на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за основање на Фонд на холокаустот на Евреите од Македонија, во предложениот текст.

## Точка 72

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за приредување игри на среќа „Делта бет“ ДОО Скопје во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на Бул. Партизански Одреди“ бр.111/1-2 во Скопје, во предложениот текст.

## Точка 73

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „Апекс МК“ ДОО Скопје за деловната просторија која се наоѓа на ул.„11-ти Октомври“ бр.86-лок.1 во Скопје-Центар, во предложениот текст.

## Точка 74

Владата издаде Лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за трговија и услуги „Банана кицк“ ДОО експорт-импорт Тетово во уплатно-исплатното место кое се наоѓа на ул. „Благоја Тоска“ бр.1/5 во Тетово.

## Точка 75

Владата го донесе Изменувањето на Лиценцата број 45-2334/1 од 21.5.2019 година издадена на Друштвото за угостителство и игри на среќа „Тхе-слотс“ ДОО Скопје за приредување на игри на среќа во автомат клуб, во предложениот текст.

## Точка 76

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог- одлуката за давање на согласност на Договорот за закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Тетово помеѓу Друштвото за инвестиции „Нормак инвестмент гроуп“ АД Тетово и „Киел НМК“ ДООЕЛ Желино и ја донесе Одлуката со заклучок пред потпишување, Министерството за економија да го достави Договорот за закуп во ТИРЗ Тетово, усогласен со укажувањата на Секретаријатот за законодавство, во смисла да изостане додатокот три, Договор за услуги.

## Точка 77

Владата го симна од Дневен ред Предлог - анексот на склучен Договор за државна помош бр. Дов 10-9/9 од 18.1.2016 година склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги „Герман електро мехатроникс“ ДОО Илинден, поради потребата предметниот материјал да биде предложен од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, со претходно обезбедено мислење од Комисијата за заштита на конкуренцијата.

## Точка 78

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за начинот на работа на второстепената Военолекарска комисија (најнов текст), во предложениот текст.

## Точка 79

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за реализација на препораката број 14 од Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија, по точка 23 од седницата на Владата, одржана на 10 март 2020 година, со најнов текст на Акциски план, ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за воспоставување на принципот на функционална децентрализација во противпожарната заштита, со воведување на блок дотација за секоја Општина, базирана на број на жители, територија и постоечки територијални противпожарни единици.

## Точка 80

Владата на предлог на предлагачот ја симна од дневен ред Информацијата за издавање Егзекватура за Генерален конзул на Република Косово во Република Северна Македонија со седиште во Струга, поради потребата од дополнителни усогласувања.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог-платформа за учество на делегацијата на Република Северна Македонија на 75-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите Нации, ја усвои Информацијата и ја прифати Платформата за учеството на делегацијата на Република Северна Македонија на 75-то редовно заседание на Генералното собрание на Обединетите Нации.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата со статистички податоци за кривични предмети од областа корупција за 2019 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда, во рамки на Работната група за преглед и ажурирање на методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на анти-корупциската политика, да продолжи да презема активности за редовно користење на Системот за собирање и обработка на статистички податоци за превенција и репресија на корупцијата, а за преземените активности да ја извести Владата на Република Северна Македонија во декември 2020 година.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на единките корисници на судска власт за реализација на надлежностите, со Акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на надлежните институции - носители на имплементација Судскиот совет на Република Северна Македонија, Судскиот буџетски совет, Академијата за судии и јавни обвинители, судовите во Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Министерството за правда да постапат и да ги реализираат предвидените мерки, активности и рокови согласно Акцискиот план за реализација на препораките од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на усогласеност на институционалните капацитети на единките корисници на судска власт за реализација на надлежностите.

2. Се препорачува на надлежните институции од точката 1 да доставаат известување до Владата на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија, за навремената и целосна имплементација на препораките.

## Точка 84

Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата – ПВР- јануари-декември 2019 година и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари-декември 2019 година).

2. Се задолжуваат сите министерства, Нацрт-извештајот за ПВР да го доставуваат на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација по истекот на минималниот рок од 20 дена за консултација на Единствениот национален електронски регистар на прописи.

3. Се задолжуваат сите министерства објавувањето на Известувањето за почеток на подготовка на Предлог-закон, Нацрт-извештајот за ПВР, текстот на Предлог-законот на Единствениот национален електронски регистар на прописи да го вршат преку системот за е-влада.

4. Се задолжуваат сите министерства за сите закони кои се утврдени од страна на Владата во текот на 2019 година, да извршат објава на Извештајот за ПВР заедно со Предлог-законот на Единствениот национален електронски регистар на прописи, во рок од 20 дена по разгледување на Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата - ПВР (јануари - декември 2019 година) од страна на Владата.

## Точка 85

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово, за 2018-2020 година, во рамки на ИПА 2, за алокацијата за 2019 година – CRIS 2019/041-476, со текст на Спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018 – 2020 година во рамки на ИПА 2, за алокацијата за 2019 година - CRIS 2019/041-476.

2. Се определува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор м-р Никола Димитров, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата

за финансирање помеѓу Европската комисија и владите на Република Северна Македонија и Република Косово за Акциската програма за преку гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018 – 2020 година во рамки на ИПА 2, за алокацијата за 2019 година - CRIS 2019/041-476.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање на Акциската програма за преку гранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Косово за 2018 – 2020 година во рамки на ИПА 2, за алокацијата за 2019 година - CRIS 2019/041-476, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

## Точка 86

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Спогодба за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2019 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2019/041-423, во рамки на ИПА 2, и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2019 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2019/041-423, во рамки на ИПА 2.

2. Го определи заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања и Национален ИПА координатор, м-р Никола Димитров, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за финансирање помеѓу Европската комисија и Владите на Република Северна Македонија и Република Србија за 2019 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2019/041-423, во рамки на ИПА 2.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија во својот буџет да го планира и предвиди износот на буџетски средства потребни за национално кофинансирање за 2019 година од Акциската програма за преку – гранична соработка Република Северна Македонија - Република Србија за 2018, 2019 и 2020 година CRIS 2019/041-423, во рамки на ИПА 2, во рамки на максимално одобрените износи на расходи со Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните години, и во согласност со динамиката на спроведување на проектите финансирани во рамки на оваа програма.

## Точка 87

Владата ја разгледа Информацијата за Шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација

помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 ноември 2019 година во Брисел и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, да ја достави до Европската комисија Стратегијата за даночна реформа, веднаш по усвојувањето од страна на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжува Министерство за финансии – Управа за јавни приходи, преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик да достави до Европската комисија податоци за извршениот поврат на ДДВ и просечното доцнење при повратот на ДДВ, најдоцна до 15 октомври 2020 година.

3. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерство за финансии - Царинска управа, преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик да достави до Европската комисија информација за плановите за ратификација на Протоколот за елиминирање на недозволената трговија со тутунски производи (во рамки на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација), најдоцна до 30 септември 2020 година.

4. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик да достави до Европската комисија информација за спроведувањето на Стратегијата за мали и средни претпријатија, Стратегијата за женско претприемништво и Стратегијата за индустриска политика, најдоцна до 30 септември 2020 година.

5. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, на англиски јазик, да ги достави до Европската комисија клучните иницијативи на Националниот комитет за олеснување на трговијата за 2020 година, најдоцна до 30 септември 2020 година.

6. Се задолжува Министерство за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, пред усвојувањето, да ги достави до Европската комисија Предлог - законот за општа безбедност на производи и Предлог – законот за технички барања и оцена на сообразност, со кореспондентни табели, при што да се земат предвид и коментарите од Комисијата, најдоцна до 30 септември 2020 година.

7. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Министерството за економија - Биро за метрологија, преку Секретаријатот за европски прашања, да ги достави до Европската комисија нацрт - подзаконските акти, со кореспондентни табели, усогласени со директивите од новиот и глобален приод, најдоцна до 15 октомври 2020 година.

8. Се укажува на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, во соработка со останатите надлежни институции, да го комплетира процесот на донесување на преостанатите Еврокодови кои се наведени во Акциониот план за усогласување со членовите 34-36 од ДФЕУ (Договорот за функционирање на Европската Унија), вклучително и националните анекси, најдоцна до 30 септември 2020 година и преку Секретаријатот за европски прашања да ја информира Европската комисија.

9. Се задолжува Министерството за култура, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија кореспондентна табела за усогласеноста на Законот за заштита на културно наследство со новото acquis communautaire за враќање на културни добра, најдоцна до 30 септември 2020 година.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Петнаесетти состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 13 февруари 2020 година во Брисел (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Комисијата за заштита на конкуренција преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија ажуриран Регистар за државна помош за 2020 година, на англиски јазик, најдоцна до 30.9.2020 година.

2. Се задолжува Министерството за правда да ги земе предвид препораките на Европската комисија за зголемување на таксите на компаниите за пријавување концентрации, да ја разгледа можноста за измена на Законот за административни такси во таа насока и да ја информира Владата, најдоцна до 30.9.2020 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии, согласно препораките на Европската комисија да се обезбеди финансиска независност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, да ја разгледа можноста средствата од административните такси за пријавување на концентрации уплатени од компаниите да се слеваат во буџетот на Комисијата за заштита на конкуренција и да ја информира Владата најдоцна до 30.9.2020 година.

4. Се задолжува Министерството за финансии, согласно препораките на Европската комисија за зголемување на вработените во стручната служба на Комисијата за заштита на конкуренцијата да даде согласност за Годишниот план за вработувања на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2021 година, најдоцна до 31.12.2020 година.

5. Се задолжува Министерството за правда во координација со Академијата судии и јавни обвинители, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Министерството за финансии-Биро за јавни набавки и Државниот завод за индустриска сопственост да изнајде предлог решение за јакнење на капацитетите и специјализација на судиите од Управниот суд за доследна примена на законодавството при постапувањето во случаи на државна помош, конкуренција, антитрустови, јавни набавки и интелектуална сопственост и да ја информира Владата, најдоцна до 30.9.2020 година.

6. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, по завршувањето на постојниот договор за субвенционирање на авио компанијата Виз ер, при следниот повик за субвенционирање на нискобуџетни авиокомпании да ги земе предвид препораките на Европската комисија за почитување на Упатствата за авијација („Службен весник на ЕУ" бр. 2014/C 99/03), најдоцна до 31.12.2021 година.

7. Се задолжува Министерството за економија да изготви предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, согласно препораките на

Европската комисија за измена на член 15, 16 и 31 и истиот преку Секретаријатот за европски прашања да го достави до Европската комисија на англиски јазик пред неговото усвојување, најдоцна до 30.9.2020 година.

8. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, да го достави до Европската комисија Предлог-законот за концесии и јавно приватно партнерство, на англиски јазик, со кореспондентна табела, најдоцна до 30.9.2021 година.

9. Се задолжува Министерството за финансии-Биро за јавни набавки да започне со подготовка на сеопфатна Стратегија за јавни набавки, најдоцна до 30.9.2020 година.

10. Се задолжува Министерството за финансии-Биро за јавни набавки, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија Извештај за употребата на листите за забрана за учество во тендери на англиски јазик, најдоцна до 31.12.2020 година.

11. Се задолжува Министерството за правда, преку Секретаријатот за европски прашања да достави до Европската комисија податоци за спроведените судски постапки за јавните набавки на англиски јазик, најдоцна до 30.9.2020 година.

12. Се задолжува Министерството за финансии-Биро за јавни набавки, преку Секретаријатот за европски прашања, да ја извести Европската комисија за имплементацијата на препораките од спроведената оценска мисија во подзаконските акти и во помошните материјали (прирачници, мислења), најдоцна до 31.12.2020 година.

13. Се задолжува Министерството за култура да го усогласи Предлог-законот за изменување на Законот за авторското право и сродните права со заинтересираните страни (носителите на права и корисниците) и да го достави во владина процедура на усвојување, најдоцна до 31.12.2020 година.

14. Се укажува на Државниот завод за индустриска сопственост да достави извештај до Владата за текот на активностите за воспоставување на Информативна платформа за размена на податоци за спроведувањето на правото на интелектуална сопственост, најдоцна до 30.9.2020 година.

15. Се задолжува Министерството за економија да го достави Предлог-законот за заштита на трговски тајни преку Секретаријатот за европски прашања до Европската комисија, со кореспондента табела, на англиски јазик, пред да влезе во владина процедура, најдоцна до 30.9.2020 година.

16. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија детална анализа на националното законодавство за услуги со јасно назначување кои делови од законодавството допрва ќе се усогласат со правото на Европската унија, на англиски јазик, најдоцна до 31.12.2020 година.

17. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за економија, да ја дигитализира единствената точка за контакт преку нејзино целосно функционализирање во рамки на Националниот портал за електронски услуги, најдоцна до 31.12.2020 година.

18. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија, кореспондентна табела на англиски јазик со соодветните членови од Законот за заштита на потрошувачите, Законот за општа безбедност на производите и Законот за решавање на спорови кои се во корелација со Глава 5 од Директивата за услуги која го уредува квалитетот на услугите, најдоцна до 30.09.2020 година.

19. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да воведе целосна либерализација на пазарот на поштенски услуги најдоцна до 31.1.2021 година.

20. Се задолжува Министерството за финансии да го подготви Предлог-законот за платежни услуги и платни системи и да го достави во владина процедура за усвојување, најдоцна до 30.9.2020 година.

21. Се задолжува Министерството за финансии, преку Секретаријатот за европски прашања, да достави до Европската комисија, Патоказ со активности и временски рокови за примена на правилата на ЕУ во областа на слободното движење на капиталот, на англиски јазик, најдоцна до 31.12.2020 година.

22. Се задолжува Министерството за финансии да го финализира новиот Предлог-закон за супервизија на осигурувањето, целосно усогласен со Втората директива за солвентност 2009/138/ЕС, и по спроведување на меѓуресорска консултација да го достави до Владата на усвојување, најдоцна до 30.9.2020 година.

23. Се задолжува Министерството за финансии, преку Секретаријатот за европски прашања, да го достави до Европската комисија Предлог-законот за супервизија на осигурувањето, со кореспондентна табела, на англиски јазик пред да биде пуштен во Владина процедура, најдоцна до 30.9.2020 година.

24. Се задолжува Министерството за финансии да го финализира новиот Предлог-закон за ревизија и по спроведување на меѓуресорска консултација да го достави до Владата на усвојување, најдоцна до 30.9.2020 година.

25. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да подготви Стратегија за отстранување на неосигураните моторни возила од патиштата, најдоцна до 30.9.2020 година.

26. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви ограничувања на инвестициите на пензиските фондови во не-домашни хартии од вредност најдоцна до 31.12.2020 година.

27. Се задолжуваат Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот просветен инспекторат и Државниот инспекторат за труд да подготват заеднички план за засилен инспекциски надзор над спроведувањето на Законот за заштита од пушење, во однос на почитувањето на одредбите за забрана за пушење во јавни простории и да доставаат Извештај за спроведениот надзор до Владата, најдоцна до 31.12.2020 година.

28. Се задолжува Министерството за здравство да започне со објавување на податоци во Регистрите за рак, најдоцна до 30.6.2021 година.

29. Се задолжува Агенцијата за лекови и медицински средства да изврши засилени инспекциски надзори над спроведувањето на одредбите од Законот за лековите и медицинските средства по однос на издавањето и продажбата на антибиотици во аптеките и да достави Извештај за спроведениот надзор до Владата, најдоцна до 31.12.2020 година.

30. Се задолжува Министерството за здравство да спроведе активности за контрола на антимикробната резистенција ширум земјата, најдоцна до 31.12.2020 година.

31. Се задолжува Министерството за економија, преку Секретаријатот за европски прашања, да го достави до Европската комисија Предлог-законот за заштита на потрошувачи со кореспондентна табела на англиски јазик, најдоцна до 30.9.2020 година.

## Точка 89

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржувањето на шеснаесеттиот состанок на Поткомитетот за економско-финансиски прашања и статистика во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, кој се одржа на 2 октомври 2019 година во Брисел и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и најдоцна до 31 декември 2020 година до Владата да достави Предлог - закон за буџети.

2. Се задолжува Министерството за финансии да подготви и најдоцна до 31 декември 2020 година до Владата да достави нов Предлог - закон за јавна внатрешна финансиска контрола.

## Точка 90

Владата ја донесе Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 91

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за партиципација при користењето на здравствена заштита на одделни заболувања на граѓаните и здравствена заштита на родилките и доенчињата во Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

## Точка 92

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Национална стратегија за дијабетес во Северна Македонија 2020-2030, со Предлог-национална стратегија и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата за Национална стратегија за дијабетес во Северна Македонија 2020-2030.

2. Ја усвои Националната стратегија за дијабетес во Северна Македонија 2020-2030 година со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Стратегијата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 93**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје, со заклучок Министерството за здравство да го усогласи текстот на Одлуката согласно укажувањата изнесени во мислењето на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 94**

Владата го разгледа најновиот текст на Извештајот за завршени преговори и за склучување на Спогодба за соработка во областа на образованието, културата, уметностите и спортот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Мексикански Држави, со усогласен текст на Спогодба и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за соработка во областа на образованието, културата, уметностите и спортот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Мексикански Држави.

2. Се определува Мила Царовска, министер за образование и наука, во име на Владата на Република Северна Македонија да ја потпише Спогодбата за соработка во областа на образованието, културата, уметностите и спортот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Соединетите Мексикански Држави.

**Точка 95**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за одобрување наменски средства на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово за 2020 година, на предлог на предлагачот, поради потребата истата да биде разгледана по донесувањето на изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

**Точка 96**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Центар.

**Точка 97**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

## Точка 98

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 99

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во 2019 година е во функција на отчетност на работата на Агенцијата согласно член 29 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) според кој Агенцијата доставува на усвојување до Собранието на Република Македонија годишен извештај за својата работа најдоцна до 31 март во тековната година.

Со предметниот материјал, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на Република Северна Македонија ја презентира својата работа во 2019 година и има за цел да го запознае Собранието на Република Северна Македонија со реализираните работни активности, реализираните средства, динамиката на реализација, постигнатите резултати и финансискиот извештај.

Имајќи го предвид информативниот карактер на доставениот материјал кој содржи осврт на реализираните активности во 2019 година, при што презентираните финансиски показатели се во согласност со трезорската евиденција, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истиот.

## Точка 100

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2019 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 6 од Законот за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија„ бр.130/2014), Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година, за усвојување. Годишниот извештај содржи број на примени предмети, број на решени предмети (отфрлени, одбиени и прифатени жалби), број на нерешени предмети, број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети), статистичка анализа на постапките на правна заштита и други информации и податоци.

Исто така, Извештајот содржи податоци за реализација на Програмата за работа на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и

прекршочната постапка за 2019 година и тоа: резиме, вовед, податоци за статусот, раководството, надлежностите и организационата структура, податоци за реализирани активности произлезени од законските надлежности, план за работа и стратешки план, податоци за активностите за подобрување на квалитетот на работењето, податоци за соработка со други институции и меѓународна соработка, податоци за буџетот и завршната сметка, заклучоци, препораки, и дел со прилози, кој содржи статистичка анализа со табеларни и графички прикази
на предметите во Државната комисија и завршната сметка.

Согласно погоре изнесеното Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за 2019 година, освен укажувањето на потребата за преработка на доставениот Извештај во делот кој се однесува на Буџетот и финансирањето, од причина што презентираните финансиски показатели не се во согласност со трезорската евиденција

## Точка 101

Владата го разгледа Годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019 година и притоа го утврди следново мислење:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата), го има доставено Извештајот до Собранието на Република Северна Македонија, согласно членот 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/13, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/19 и 42/20).

Извештајот за работа на Агенцијата содржи Годишен извештај за работа за 2019 година и Годишна програма за работа за 2020 година.

Како една од најзначајните активности на Агенцијата се наведува усвојувањето на Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната област за периодот од 2019 до 2023 година, со која се утврдени насоките на работењето во наредните пет години и конкретните активности кои ќе се преземат од аспект на надлежностите.

Исто така, акцент на работењето на Агенцијата во 2019 година е ставен на мониторингот на медиумското покривање на претседателските избори и на изборите за градоначалници во неколку локални самоуправи.

Во текот на 2019 година, Агенцијата континуирано го следи исполнувањето на програмските и други обврски на радиодифузерите преку спроведување на програмски, административен и стручен надзор, меѓу кои и повеќе вонредни надзори по службена должност или иницирани од претставки на физички лица. Агенцијата во текот на 2019 година изработила „Извештај за медиумската сопственост" кој дава слика на промените на сопственоста и медиумската концентрација во 2018 година.

Како еден од битните елементи на работењето, Агенцијата наведува дека е активна на планот на поттикнување на медиумската писменост, за чии потреби е изработен и посебен документ „Политика на медиумската писменост“.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во текот на 2019 година, стана членка на Мрежата за борба против говорот на омраза во медиумите, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ.

Во извештајот за работењето на Агенцијата за 2019 година, се наведува дека покренати се 26 постапки за одземање на дозволите за телевизиско или радио емитување, од кои 22 се поради неплаќање на годишниот надоместок за дозволата, при што одземени се дозволите на пет радиодифузери.

Агенцијата во извештајот не навела дека преземала активности поврзани со авторските и сродните права во областа на медиумите. Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор треба да го следи реемитувањето на програмските сервиси и доколку утврди неправилности, да преземе соодветни мерки согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Од причина што не се преземени активности поврзани со авторските и сродните права за оваа област во 2019 година, долгогодишните несогласувања од чинителите во оваа област предизвикаа проблеми и во 2020 година.

Една од главните забелешки на Европската комисија е потребата од зајакнување на капацитетите на медиумскиот регулатор, заради обезбедување на подобра регулација на пазарот. Истовремено нотирана е и потребата од натамошно зајакнување на способноста на регулаторот за идентификување на спрегата помеѓу медиумите и политиката што ја попречува уредничката независност. Исто така, треба да се зголеми меѓуинституционалната соработка за откривање на скриена сопственост на медиуми и нелегалната медиумска концентрација. Во однос на ова се цени дека при реализацијата на Годишната програма за работа на Агенцијата за 2020 година, треба да се посвети особено внимание на горенаведените забелешки на Европската комисија.

Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да даде негативно мислење за Годишниот извештај за работа за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, особено поради нотираните состојби во однос на забелешките на Европската комисија, но и поради фактот што не се преземени никакви активности поврзани со авторските и сродните права за оваа област во 2019 година.

## Точка 102

Владата ја разгледа Информацијата доставена од Народниот правобранител на Република Северна Македонија во врска со формиран предмет, под НП бр.1111/20, по поднесена претставка за заштита од дискриминација од група на родители од Скопје, чии деца се ученици во средно образование и согласно член 34 од Законот за Народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018), заклучи да го извести Народниот правобранител на Република Северна Македонија дека:

Во Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.137/20) опфатот на млади лица е јасно и прецизно дефиниран во член 2, став (3) кој гласи:

„3)„Млади лица“ се државјани на Република Северна Македонија со наполнети 16 години и не постари од 29 години на 22.05.2020 година, кои се активни учесници во формалното средно образование (средни училишта основани од Република Северна Македонија, локалната самоуправа и градот Скопје) и високото додипломско образование на Република Северна Македонија (редовни студенти на универзитети основни од Република Северна Македонија), согласно со евиденцијата на Министерството за образование и наука.“.

Согласно ова, мерката е имплементирана.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3607 за КО Центар 1, на КП бр.3985, викано место/улица П. Пчински и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.52830 за КО Карпош на КП бр.2330/2 викано место/улица Алжирска и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 105**

Владата по Известувањето за Заклучок за трета усна јавна продажба доставен под И бр.790/17, која ќе се одржи на 15 септември 2020 година, за КО Нерези – вонград, доставено од извршител Снежана Андреевска од Скопје, го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.
.

**Точка 106**

**1.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, ги информираше членовите на Владата дека за шерпас на Берлинскиот процес и прашањата поврзани со него, го номинира д-р Ванчо Узунов, советник за економски прашања на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го именува Амет Аџиу, досегашен директор на Јавната установа Национален Парк Пелистер, Битола, за вршител на должноста директор на Јавната установа Национален Парк Пелистер, Битола, за период од 1 месец, а сметано од денот на донесување на ова решение.

<u>Точка 107</u>

**1.** Владата на предлог на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви и за наредната седница на Владата да достави Предлог - решение за именување на претседател, заменик - претседател, членови и нивни заменици на Националниот совет за информациски и комуникациски технологии.

**2.** Владата по Збирниот извештај за настанатите штети од елементарни непогоди кои ги зафатија општините Македонски Брод и Ресен, дополнително за настанатите штети од 2018 година заклучи:

1) Се задолжува Бирото за судски вештачења да изврши контрола на извршените проценки во Општина Ресен, за доставениот Елаборат во период од 10.5.2018 година до 10.7.2018 година, од аспект на користената Методологија, а со цел потврдување на поединечните износи на проценетите штети.

2) Се задолжува Министерството за финансии при подготовката на следниот ребаланс на Буџетот на Република Северна Македонија, во делот на задолжителни резерви, да предвиди нови дополнителни 40 милиони денари за потребите на настанатите штети од елементарни непогоди.

3) Се задолжува Министерството за финансии за наредната седница на Владата да подготви и достави Одлука за распоредување на средства од посебниот дел на Буџетот на Република Северна Македонија.

**3.** Владата ја донесе Одлуката за дополнување на Одлуката за формирање на Главен координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација на органите на државната управа, на правните лица основани од државата, како и на единиците на локалната самоуправа, во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, во предложениот текст.

**4.** Владата по повод укажувањето на м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања во врска со неконзистентната примена на името на Република Северна Македонија и терминологиите со уставните измени и Преспанскиот договор ја задолжи Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните, во соработка со д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања да ја унифицираат употребата на терминот МК или МКД во Република Северна Македонија и во комуникација на Република Северна Македонија со другите држави, да ја адресираат до сите соодветни институции и доколку има потреба да и предложат на Владата да донесе соодветни заклучоци, со цел надминување на ова прашање.

**5.** Владата на предлог на м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, а по повод Барање за итна финансиска помош на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, заклучи истото да се разгледа на наредната седница на Економскиот совет, што ќе се одржи на 17.9.2020 година (четврток), со цел за изнаоѓање на можности и начин за надминување на ова прашање.

**6.** Владата по повод информирањето на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи во врска со дивата населба под новата Железничка станица во Скопје како и за проблемите кои произлегуваат од истата (во сообраќајот, во комуналната хигиена, сериозниот проблем од кражби), ги задолжи Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика во најбрз можен рок да преземат заедничка акција за отстранување на дивоградбите и расчистување на просторот каде се наоѓа дивата населба.

**7.** Владата по повод Известувањето на м-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, во врска со инцидентот предизвикан од навивачка група на плоштадот Македонија во Скопје, беше информирана дека Министерството за внатрешни работи презема соодветни активности во рамки на својата надлежност за расчистување на делото, за што соодветно ќе ја информира јавноста.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Најостро се осудува навивачкото поведение со кое се предизвикува омраза, раздор и нетрпеливост врз етничка основа;

2. Се повикува Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, проактивно да делува во рамките на своите надлежности и да постапи за наведениот случај на говор на омраза на плоштадот;

Исто така, Владата апелира до сите навивачки групи и до сите граѓани, да се воздржат од упатување пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство, врз основа на расна, национална и верска припадност или други основи, што е казниво согласно Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, како и согласно Кривичниот законик.

**8.** Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев ги информираше членовите на Владата во врска со завршената гасификација на ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" – Чаир и укажа на потребата доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и м-р Крешник Бектеши, министер за економија пред започнување на грејната сезона 2020 година да организира настан за ставањето во функција на системот во болницата. Дополнително, министерот за правда, м-р Бојан Маричиќ да ја разгледа

можноста за дообезбедување на финансиски средства за довршување на процесот на гасификација на КПУ Затвор Скопје.

**Точка 108**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на АД „Медиумска информативна агенција" – Скопје, за периодот од 1 јануари до 31 март 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 109**

Владата го разгледа Извештајот за извршен инспекциски надзор над спроведување на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање концесија на риби за организирање на рекреативен и стопански риболов, за период јануари-јуни 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Државниот инспекторат за земјоделство да постапува согласно законските прописи по констатираните неправилности.

**Точка 110**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП „Национална радиодифузија" - Скопје, во период од 1.7.2019 до 31.12.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 111**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП „Национална радиодифузија" - Скопје, во период од 1.10.2019 до 31.12.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 112**

Владата го разгледа Шестмесечниот извештај за работата на Агенцијата за катастар на недвижности, за периодот јануари - јуни 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 113**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со мазут во ЕЛС Македонска Каменица, како материјал за информирање.

**Точка 114**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на надградба на системот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за поврзување со Централниот регистар на население, како материјал за информирање.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Информацијата за објавените огласи за јавни набавки во јули 2020 година и квартална проценка за објавените огласи за јавни набавки за прв и втор квартал од 2020 година споредено со прв и втор квартал од 2019 година, со Квартална проценка, како материјал за информирање.

**Точка 116**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Евтини летови за македонските граѓани", како материјал за информирање.

**Точка 117**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерството за труд и социјална политика (за период: март - јуни 2020 година), како материјал за информирање.

**Точка 118**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Годишниот извештај за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија за 2019 година, со Годишен извештај, како материјал за информирање.

**Точка 119**

Владата ја разгледа Информацијата за фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија по основ на пресуди и одлуки на Европскиот суд за човекови права, како материјал за информирање.

**Точка 120**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Северна Македонија во Собранието е определена Мила Царовска, министер за образование и наука, а за повереник Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука.

**Точка 121**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за формирање на Комитет за земјоделство, безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика и условно ја донесе Одлуката, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 122

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за неизвршување на Решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен од страна на Управата за водење матични книги и неизвршување на пресуда на Европскиот суд за човекови права и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува директорот на Управата за водење на матичните книги да преземе мерки за извршување на Решението Уп.бр.1108-781 од 10.2.2020 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и за тоа најдоцна до 25 септември 2020 година да ја извести Владата на Република Северна Македонија и Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

2. Се задолжува Управата за водење на матичните книги најдоцна до 25 септември 2020 година да ја извести Владата на Република Северна Македонија за причините поради кои досега не е пристапено кон извршување на Решението Уп.бр.1108-781 од 10.2.2020 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## Точка 123

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за Предлогот на Европската комисија за измена на Протоколот 4 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Европската Унија и Република Северна Македонија, со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за надворешни работи, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Министерството за финансии - Царинска управа, најдоцна до 21.9.2020 година да достават до Секретаријатот за европски прашања свои мислења/ставови за прифаќање или неприфаќање на предложената измена на Протоколот 4 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, по добиените мислења од задолжените институции, да ја информира Владата за нивните ставови за прифаќање/неприфаќање на предложената измена на Протоколот 4 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација на првата наредна седница.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во рамки на постапката за прифаќање/неприфаќање на доставениот предлог од Европската Комисија за измена на протокол 4 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, да побара од Европската Унија и започнување на преговори за менување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со цел воведување на одредби кои ќе овозможат трилатерална кумулација на потеклото помеѓу Европската Унија, Обединетото Кралство и Република Северна Македонија.

## Точка 124

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за одобрување и потпишување на заеднички програмски документ „Планирање и дискусија за миграциската политика во Северна Македонија заснована на докази", преку соработка со организации на Обединетите нации, со следниве заклучоци:

1. Го усвои усогласениот текст на Заедничкиот програмски документ „Планирање и дискусија за миграциската политика во Северна Македонија заснована на докази".

2. Го овласти Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, во името на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Заедничкиот програмски документ „Планирање и дискусија за миграциската политика во Северна Македонија заснована на докази".

## Точка 125

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договор по пат на размена на ноти/писма помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за Јапонска грант програма за социо – економски развој за обезбедување на медицинска опрема, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот, односно нотите/писмата за размена помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за Јапонска грант програма за социо – економски развој за обезбедување на медицинска опрема.

2. Го овласти заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот по пат на размена на ноти/писма помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за Јапонска грант програма за социо – економски развој за обезбедување на медицинска опрема.

3. Се задолжува Министерството за здравство како институција корисник на грантот, во рок од три дена, да започне активности за отворање на сметка во јапонски јени во комерцијална банка во Јапонија во координација со Народната банка на Република Северна Македонија и да ги преземе сите потребни активности за реализација на Јапонската грант програма за социо-економски развој за обезбедување на медицинска опрема, согласно роковите за реализација наведени во Договорот / размената на ноти/писма помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за Јапонска грант програма за социо – економски развој за обезбедување на медицинска опрема.

4. Се укажува на Народната банка на Република Северна Македонија, во рок од 14 дена од потпишување на Договорот по пат на размена на ноти/писма помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија за Јапонска грант програма за социо – економски развој за обезбедување на медицинска опрема, во соработка со Министерството за здравство, да отвори сметка во јапонски јени во комерцијална банка во Јапонија во име на Министерството за здравство.

## Точка 126

Владата го разгледа Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 14 септември 2020 година, со Записник од седницата на Групата за процена, одржана на 11.09.2020 година, со Предлог - одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за Коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 14 септември 2020 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

3. Периодот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија е најмногу до 30 дена, почнувајќи од 14 септември 2020 година.

4. Да се информира Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.
5. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република

Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

6. Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со ситуацијата на подрачјата на јужната и северната граница на Република Северна Македонија.

7. Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи, Армијата на Република Северна Македонија, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, со сите останати засегнати државни институции да ги стават на располагање сите расположливи капацитети и ресурси кои може да се стават во функција на справување со кризната состојба.

**Точка 127**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на заостанати хонорари и предвидување исплата на хонорари до крајот на фискалната 2020 година, на координаторите и на членовите на комисиите кои произлегуваат од преземените обврски од потпишаните билатералните договори со Република Бугарија и Република Грција, формирани со решенија на Владата на Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Средствата за оваа намена во висина од 6,152,400.00 денари да се обезбедат од Буџетот на Република Северна Македонија од ставките, што ќе ги определи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

2. Средства за исплата на хонорарите до крајот на фискалната 2020 година (за октомври, ноември и декември) во износ од 3,541,200.00 денари, да се предвидат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во делот на Министерството за надворешни работи, заедно со средствата кои ќе бидат потребни за исплата на хонорари за овие комисии за 2021 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии, во координација со Министерството за надворешни работи, за наредната фискална година да предвиди соодветни финансиски средства за потребите неопходни за функционирање на комисиите кои произлегуваат од преземените обврски од потпишаните билатералните договори со Република Бугарија и Република Грција.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:35 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**